МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 14-2465/
15.11 2017 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), по Решение за давање генерално овластување број 08-8064/1 од 03.07.2017 година на Министерот за образование и наука, Државниот секретар во Министерството за образование и наука, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Продукција во сценско-изведувачки и аудиовизуелни уметности, Филмски (аудиовизуелни) студии и Театарски (сценско-изведувачки) студии на Факултет за драмски уметности, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Продукција во сценско-изведувачки и аудиовизуелни уметности, Филмски (аудиовизуелни) студии и Театарски (сценско-изведувачки) студии на Факултет за драмски уметности, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По донесувањето на Решенијата бр.1409-177/7, 1409-177/6, 1409-177/5, 1409-177/4, 1409-177/3, 1409-177/2 од 04.10.2017 година, за акредитација на студиските програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Продукција во сценско-изведувачки и аудиовизуелни уметности, Филмски (аудиовизуелни) студии и Театарски (сценско-изведувачки) студии на Факултет за драмски уметности, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати до Министерството за образование и наука, со барање бр. 09-176/36 од 16.10.2017 година (наш број УП1 бр. 14-2465 од 17.10.2017 година), за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведената студиска програма на Факултетот за драмски уметности, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 Бр. 14-2465 од 30.10.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 03.11.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр.14-2465 од 10.11.2017 година, каде е наведено дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии по Продукција во сценско-изведувачки и аудиовизуелни уметности, Филмски (аудиовизуелни) студии и Театарски (сценско-изведувачки) студии на Факултет за драмски уметности, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Анета Трпевска

изработил: Љупка Димитровска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2017 | | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | | |
| 08 | 652/1 | | |